ЖЕНСКИ ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА
Бул. Кочо Рацин Бр.20/6
1000 Скопје, Р. С. Македонија
тел: 075/255-154
sovetuvaliste@glasprotivnasilstvo.org.mk

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.02/609-0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
glasprotivnasilstvo.org.mk

# Правилник за користење на средствата од Интервентниот Женски Фонд

## I. Општи одредби

Женскиот фонд е основан со цел финансиска помош и поддршка на жени и девојки жртви на различни форми на родово базирано насилство.

Во овој Правилник се уредуваат изворите на средствата, начинот на издвојување и доделувањето на еднократна парична помош и помош во натура од Женскиот фонд.

## II. Извори на средства

Основните извори на средствата се од доброволни прилози и подароци од правни и физички лица во неограничен износ и по различни основи.

Средствата од Женскиот фонд кои нема да се доделат во тековната година, се кумулираат и остануваат во Женскиот фонд и може да се искористат и наредната година.

## III. Корисници на средства од Женскиот фонд

Корисници на средства од Женскиот фонд може да бидат жени и девојки жртви на некоја форма на родово базирано насилство, а кои го имаат пријавено случајот во релевантните институции/организации и водат постапка против сторителот.

Корисници на средства од Женскиот фонд може да бидат и самохрани мајки кои биле жртви на некаква форма на родово базирано насилство.

## IV. Основи за користење на средства од Женскиот фонд

Жените и девојките жртви на родово базирано насилство може да побараат поддршка преку користење на средства од Женскиот фонд, доколку се наоѓаат во некоја од следниве ситуации:

- Се жртви на некоја форма на родово базирано насилство, а се материјално необезбедени (на пример невработени, со ниски примања, примателки на социјална помош);

- Се самохрани мајки;
- Се во ризик од бездомништво.

## V. Намена на доделените средства од Женскиот фонд

Средствата се доделуваат за задоволување на егзистенцијални потреби или обезбедување на одреден сервис и тоа:

- Материјална помош и помош во натура на жени и девојки жртви на насилство која ќе покрие трошоци за храна, облека, лекови, и др.
- Материјална помош на жени и девојки жртви на насилство за покривање на трошоците за медицинска документација
- Правна помош за застапување на жените жртви на семејно насилство (правна помош при покренување на постапка пред суд и следење на истата до моментот додека не биде одобрена БПП од МП)
- да се направи листа на адвокати кои се на листа за БПП
- Еднократно покривање на сметки од комунални трошоци

## VI. Висина на доделената еднократна парична помош и помош во натура

Висината на доделената финанасиска помош и помош во натура се одредува во зависност од комплексноста на поединечните случаи и од индивидуалните потреби на жените и девојките жртви на насилство и нивните деца, а во согласност со моменталните средства со кои располага Женскиот фонд.
Висината на доделената помош не може да надмине 30.000,00 мкд.

## VII. Постапка за доделување на еднократна парична помош и помош во натура

Секоја организација која е членка на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство може да поднесе барање за поддршка на жена/ девојка жртва на насилство. Барањето се поднесува во извршната канцеларија на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство заедно со потпишана Изјава од претставникот на организацијата во која еп ријавен случајот. Тимот на извршната канцеларија го проследува барањето до членовите на Управен одбор.
Барањата за поддршка ги разгледува и одобрува Управниот одбор на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.
Најдоцна за 7 дена, членовите на УО треба да донесат одлука за одобрување/одбивање на поддршката.
Доколку се работи за итен случај, членовите на УО го разгледуваат барање и носат одлука во рок до 24 часа.

Правилникот влегува во сила од денот на неговото донесување.

## VIII. Измени и надополнувања на Правилникот за доделување на еднократна парична помош и помош во натура

Измени и надополнувања на овој Правилник се вршат со одлука на Управниот одбор на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство.